# Обработка на лектирата

Лектирата односно домашно самостојно читање на книгата би требало да го правите со соодветни белешки кои подоцна ќе ви помогнат при учењето на предметот македонски јазик и литература.

Обично белешките за книгата се водат во посебна тетратка ДНЕВНИК НА ПРОЧИТАНАТА КНИГА.

- Име ( наслов на книгата)
- Име и презиме на авторот од која литература потекнува со податоци за преведувачот, ако делото не е од македонски автор.
- Оставете место за да напишете каков вид дело е книгата.

При читањето забележете:

- ✓ Податоци за раскажувачот, ако делото е епско;
- ✓ Податоци за лирското јас, ако делото е лирско и за композицијата на песната;
- ✓ Податоци за ликовите во расказите и романите, како се вика ликот, какви атрибути има - дали претставува човечко суштетство, животно, предмет...;
- ✓ Искази на ликовите;
- ✓ Искази на раскажувачот ( простор, време );
- ✓ Поткрепете некое мислење со цитати од книгата кои претходно ќе ги одбележите;
- ✓ Забележете ги особено интересните описи или искази на ликовите;
- ✓ Ликови и нивни особини;
- ✓ Фабула;
- ✓ Содржина;
- ✓ Сопствено мислење за книгата-лектирата.



# Скелетен приказ:

**Реченица:**

**Опишува за што се работи**

**Фраза:**

**Кажува нешто важно**

**Еден збор:**

**Го означува значењето или основната тема**

**Симбол или скица:**

**Цртеж или претстава на содржината**

**Боја:**

**Изразува предизвикани расположенија или чувства**

**ДОПОЛНИ: ЕДНА ОД НАЈДОБРИТЕ РАБОТИ Е ...**